Комора на Република Северна Македонија
за приватно обезбедување
Бр. 02-254/1
31.03.2021 год.
Скопје

Согласно чл.59 и чл.60, ст.1, т. 7 од Законот за приватно обезбедување (Сл.весник на РСМ бр. 166/2012, 164/2013, 148/2015, 193/2015, 55/2016) и чл. 20, ст.1, т.3 од Статутот на Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување Собранието на Комората на ден 31.03.2021 год. донесе

# КОДЕКС НА ПРОФЕСИОНАЛНА ЕТИКА НА ВРШИТЕЛИТЕ НА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

## *ОПШТИ ОДРЕДБИ*

*Член 1*

Кодексот на професионална етика на вршителите на приватното обезбедување (во натамошниот текст: етички кодекс) е збир од основни начела, етички стандарди и правила на однесување кои треба да се почитуваат во вршењето приватно обезбедување со цел заштита и унапредување на стручноста, професионалноста и деловноста и заради заштита на професијата.

*Член 2*

Етичкиот кодекс е изработен врз основа на начелата врз кои се засновани релевантните закони, подзаконските акти, другите соодветни прописи, начелата на Кодексот за постапување и етика на CoESS, како и на општоприфатените начела на професионална етика во приватното обезбедување.

*Член 3*

Етичкиот кодекс е задолжителен за вршителите на приватно обезбедување, односно за: правните лица кои имаат дозвола за физичко односно за техничко обезбедување во вид на давање услуги, дозвола за приватно обезбедување за сопствени потреби, како и за работниците за приватно обезбедување.

*Член 4*

Непридржувањето кон правилата и начелата на овој Етички кодекс претставува дисциплинска повреда која се санкционира согласно посебен акт на Комората на РСМ за приватно обезбедување (Правилник за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка).

## *ОСНОВНИ НАЧЕЛА*

*Начело на законитост*

*Член 5*

Вршителите на дејноста приватно обезбедување се должни да постапуваат согласно Уставот, Законот за приватно обезбедување и другите прописи кои го уредуваат вршењето на дејноста приватно обезбедување и меѓународно утврдените начела за оваа дејност.

Вршителите на дејноста треба доследно да ги применуваат правните норми во духот во којшто тие се напишани и донесени, со што ќе демонстрираат отвореност и транспарентност кон своите вработени, колеги, клиенти, релевантните државни институции и кон Комората.

Законитоста во работењето е највисоко начело во работата на вршителите на приватно обезбедување.

Правните лица кои вршат приватно обезбедување се должни да ги исполнуваат законските услови за работа во смисла на обезбедување на потребните легитимации, лиценци, дозволи и други документи согласно закон..

Правните лице кои вршат приватно обезбедување се одговорни за законитоста во работењето на своите вработени, а толерирањето на незаконско, нестручно и неетичко работење на нивните вработени повлекува одговорност и за правното лице.

*Начело на професионалност и стручност*

*Член 6*

Дејноста приватно обезбедување треба да се врши професионално и стручно од страна на вршителите со исполнување на нужните стандарди и обезбедување на потребното ниво на квалитет на услугите.

Квалитетот и вредноста на дејноста приватно обезбедување директно зависат од квалитетот и вештините на вработените, заради што правните лица - вршители на приватно обезбедување, секогаш треба да ги имаат во предвид професионалните вештини и моралните вредности на своите вработени и да овозможат нивен континуиран развој и надградба.

Правните и физичките лица вршители на приватно обезбедување треба да водат сметка при вршењето на своите овластувања особено да се раководат од потребата за целосно почитување на човековите права и основните слободи, да не вршат било каков вид дискриминација по ниту еден основ, да употребуваат средства за присилба само во крајни ситуации и да ја почитуваат приватноста на сите субјекти.

Вршителите на приватно обезбедување се должни да работат со интегритет и политичка неутралност.

*Начело на доверливост и заштита на приватноста*

*Член 7*

Работниците за приватно обезбедување, како и правните лица – вршители на приватно обезбедување се должни да ги чуваат како професионална тајна сите информации и податоци на и во врска со нивните клиенти до кои дошле во вршењето на нивната работа или кои им се доверени.

Вршителите на приватно обезбедување треба да постапуваат целосно во насока на заштита на личните податоци на клиентите, како и на приватноста на клиентите.

*Начело на деловност*

*Член 8*

Вршителите на дејноста приватно обезбедување се должни да постапуваат согласно добрите деловни обичаи и практики, да ги зацврстуваат меѓусебните односи; да негуваат стручна и професионална солидарност и деловен однос во работата и да дејствуваат во духот на фер конкуренција и моралност.

Вршителите на дејноста треба да практикуваат работење кое е во рамките на целосна исполнетост на прописите, без заобиколување на системот на правичен надомест за услугите во дејноста односно со давање услуги согласно препорачаните цени на услугите со цел да не се се создаде пракса на нелојална конкурекција и нарушување на угледот, професионалноста и квалитетот на услугите во оваа дејност.

## ОДНОСИ НА ВРШИТЕЛИТЕ НА ДЕЈНОСТА СО ДРУГИ ЛИЦА И ОРГАНИ И ПРАВИЛА НА ПОСТАПУВАЊЕ

*Однос кон Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување*

*Член 9*

Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување во вршењето на своите јавни овластувања и надлежности е самостојна, независна и транспарентна и се

грижи за заштита и унапредување на стручноста, професионалноста и деловноста, како и за заштита на угледот на професијата.

Вршителите на дејноста приватно обезбедување се должни да ги почитуваат и да постапуваат согласно интерните акти на Комората, како и нејзините активности заради горенаведените цели и со тоа да придонесат за нивно остварување.
Непочитувањето на интерните акти и активностите на Комората кои произлегуваат од нив и од одлуките на нејзините тела и органи претставува повреда на професионалната етика кон Комората, кон нејзините членки и кон дејноста воопшто.

*Однос кон полицијата и други државни органи и институции*
*Член 10*

Сите дејствија кои ги преземаат вршителите на приватно обезбедување мора да се во согласност со принципот на соработка со релевантните државни инстуции и органи, особено со полицијата.

Одговорност на секое правно лице кое врши дејност приватно обезбедување и на неговите вработени е преку целосно почитување и разграничување на надлежностите, да одржува добра, отворена и конструктивна комуникација и соработка со полицијата и други органи и тела.

*Однос кон клиентите*
*Член 11*

Вршителите на дејноста се должни кон клиентите да се однесуваат со почит, професионалност и лојалност во давањето на услугите и да воспостават однос на доверба, а особено да постапуваат во согласност со одредбите од чл. 6 и 7 од овој Кодекс. Во вршењето на дејноста приватно обезбедување, тие треба да ги штитат целосно правата и интересите на клиентите во рамките на законското постапување.

*Меѓусебен однос на вршителите на дејноста*
*Член 12*

Вршителите на дејноста меѓусебно треба да се однесуваат со почит и еднаков третман и особено во духот на начелото на деловност.

Забрането е вршење било каков притисок од страна на едно (физичко или правно) лице кон друго, недозволено преземање на клиенти, нарушување на еднаквоста на пазарот и на рамноправниот третман во дејноста, омаловажување и демонстрација на моќ и слични активности и дејствија на злоупотреба и изигрување на прописите кои ги нарушуваат споменатите односи како и угледот на професијата.

*Однос кон граѓаните и јавноста*
*Член 13*

Вршителите на приватно обезбедување во дејствувањето согласно своите законски овластувања секогаш треба да тргнат од фактот дека вршат дејност од јавен интерес со која се штитат важни индивидуални и колективни права, добра и вредности. Вршиелите на приватно обезбедување треба да постапуваат строго професионално со цел да не предизвикаат кај јавноста и граѓаните вознемиреност, чувство на страв или паника.

Вршењето на дејноста мора да е временски и просторно ограничено согласно нивниот конкретен ангажман и задачи и секое демонстрирање на дејствија надвор од законски пропишаните услови кое значи узурпирање на мирот на граѓаните и јавниот ред претставува тешка повреда на професионалното однесување и претставува сериозна повреда на угледот и довербата која граѓаните ја имаат кон дејноста приватно обезбедување воопшто.

*П Р Е О Д Н И  И  З А В Р Ш Н И  О Д Р Е Д Б И*

*Член 14*

Етичкиот кодекс влегува во сила на денот на неговото донесување.

Етичкиот кодекс ќе биде објавен на веб страната на Комората по неговото влегување во сила.

Скопје, 31.03.2021

Претседател
м-р Верица Милеска Стефановска

Комора на Република Северна Македонија
за приватно обезбедување
Бр. 02-253/1
31.03.2021 год.

Во акта - Арх. знак: 0201-253/1
Рок на чување: тр.
31.03.2021 год.

Врз основа на членовите 59 и 60 ст. 1, т. 7 од Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија" бр. 166/2012, 164/2013, 148/2015, 193/2015 и 55/2016) и чл. 20, ст.1, т.4 од Статутот на Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување, Собранието на Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување на ден 31.03.2021 год. го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ И ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА

## ОПШТА ОДРЕДБА

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат прашањата за дисциплинските повреди и дисциплинската одговорност на членките на Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување (во натамошниот текст: Комора), дисциплинските мерки кои се изрекуваат за сторена дисциплинска повреда, дисциплинските органи, постапката за утврдување на одговорност, одлуките за изрекување и извршувањето на дисциплинските мерки, евиденцијата на изречени дисциплински мерки и други прашања поврзани со дисциплинската одговорност.

## ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ

### Член 2

(1) Членката на Комората подлежи на дисциплинска одговорност ако со своето однесување во вршење на дејноста приватно обезбедување постапува спротивно на Законот за приватно обезбедување, Статутот на Комората, Кодексот на професионална етика на Комората и другите акти и го нарушуваат редот и дисциплината во работењето како и честа и угледот на Комората, а со тоа влијае на довербата на клиентите и граѓаните кон дејноста приватно обезбедување.
(2) Членка на Комората не се смета за одговорна за дисциплинска повреда сè додека нејзината одговорност не биде утврдена во постапка утврдена со овој Правилник.

### Член 3

Одговорноста за сторено кривично дело или прекршок од страна на членка на Комората не ја исклучува дисциплинската одговорност на членката.

## ДИСЦИПЛИНСКИ ПОВРЕДИ

### Член 4

(1)Дисциплинските повреди во зависност од начинот на вршење на дејствието и предизвиканата последица може да претставуваат:
-полесен вид на дисциплински повреди, и
- потежок вид на дисциплински повреди.
(2) Оцената на видот на повредата и степенот на одговорноста ја утврдува Дисциплинскиот совет врз основа на утврдената фактичка состојба.
(3) Како дисциплински повреди се сметаат:

-повреди поврзани со должноста за стручно и совесно вршење на дејноста приватно обезбедување согласно одредбите на ЗПО,
-повреди поврзани со непочитување на одредбите од Статутот, Кодексот на професионална етика и другите подзаконски акти на Комората,
-повреди со кои се крши начелото за заштита на конкуренцијата, ограничување на истата или се влијае на рамноправниот третман на членките на Комората во вршењето на дејноста и во работењето на Комората,
- повреди со кои се нарушува угледот на дејноста приватно обезбедување,
- повреди со кои се пореметува редот и дисциплината во секојдневното работење на Комората и нејзините органи и тела,
- повреди со кои директно се влијае на довербата на клиентите и граѓаните кон дејноста приватно обезбеување,
-повреди поврзани со непочитување на одлуките на Комората и нејзините органи и тела,
-други дејствија кои укажуваат на повреди од значење за законито и професионално вршење и остварување на дејноста приватно обезбедување.
(4) Секоја од повредите наведени во ст. 3 од овој член повторени двапати или повеќе пати се смета за потежок вид на повреда која повлекува изрекување на построга дисциплинска мерка.

## ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ

Член 5

За утврдено дејствие кое претставува дисциплинска повреда, на членката на Комората ѝ се изрекува дисциплинска мерка со одлука во вид на решение кое го донесува Дисциплинскиот совет.

Член 6

Дисциплински мерки кои се изрекуваат за сторена дисциплинска повреда се:
- Писмена опомена;
- Јавна опомена;
- Забрана за времено учество во активностите на Комората;
- Забрана за времено учество во работата на Собранието на Комората.
- Забрана за учество во работата на Управниот одбор на Комората.
- Забрана за кандидатура за избор во Управниот одбор, Надзорниот одбор и Дисциплинскиот совет на Комората.

Член 7

(1) Дисциплинската мерка писмена опомена се изрекува за дисциплинска повреда, која Дисциплинскиот совет ја утврдил како полесна и за која според оценката на Дисциплинскиот совет е доволно членката да биде само опомената (предупредена).
(2) Оваа мерка се извршува со самото доставување на решението за изрекување на мерката опомена до членката и со објавување на огласната табла во Комората, во времетраење од 30 дена.

Член 8

(1) Дисциплинската мерка јавна опомена се изрекува за дисциплинска повреда кога според оценката на членовите на Дисциплинскиот совет не е доволно членката да биде само опомената заради природата и тежината на сторената повреда.

(2) Дисциплинскиот совет може да одлучи да биде изречена оваа мерка и кога се работи за полесна дисциплинска повреда, доколку на истата членка за претходно сторена дисциплинска повреда веќе ѝ била изречена мерката писмена опомена.
(3) Јавната опомена се извршува со доставување на решението со кое се изрекува дисциплинската мерка до членката и со негово објавување на интернет страната на Комората во времетраење од 30 дена и во еден дневен весник.

Член 9

(1) Мерката забрана за учество во активности на Комората се изрекува најчесто за повреди на Кодексот на професионална етика и други повреди на законот и подзаконските акти за кои според оценката на Дисциплинскиот совет сторителот е одговорен особено за повреда на угледот на дејноста, деловноста и правичниот однос кон Комората и нејзините членки.
(2) Мерката од став 1 на овој член се однесува на активности на Комората кои се дел од годишната програма за работа како што се промоции, бесплатни специјализирани обуки, учество на конференции, симпозиуми и слично, обезбедување бесплатна стручна и научна литература во печатена форма и други активности.
(3) Мерката од став 1 на овој член се изрекува во времетраење од 1 до 3 години од денот на правосилноста на решението со кое се изрекува дисциплинската мерка.

Член 10

(1) Мерката забрана за времено учество во работата на Собранието на Комората на РСМ за приватно обезбедување се изрекува за дициплински повреди кои Дисциплинскиот совет ги утврдил како потешки и кои значат сериозна повреда на угледот на дејноста и повреда на законското постапување.
(2) Мерката се изрекува во времетраење од 1 до 5 години од денот на правосилноста на решението со кое се изрекува дисциплинската мерка.

Член 11

(1) Мерката забрана за учество во работата на Управниот одбор на Комората на РСМ за приватно обезбедување се изрекува за дициплински повреди кои Дисциплинскиот совет ги утврдил како особено тешки и кои значат сериозна повреда на угледот на дејноста и повреда на законското постапување.
(2) Мерката се изрекува во времетраење од 1 до 5 години од денот на правосилноста на решението со кое се изрекува дисциплинската мерка.

Член 12

(1) Забраната за кандидатура за избор во Управниот одбор, Надзорниот одбор и Дисциплинскиот совет се изрекува на членката, а се однесува на физички лица со легитимација од членката на која ѝ е изречена оваа мерка.
(2) Мерката се изрекува во времетраење од 1 до 6 години од денот на правосилноста на решението со кое се изрекува дисциплинската мерка.

## ДИСЦИПЛИНСКИ ОРГАНИ

Член 13

Дисциплински органи на Комората се:
- Дисциплинскиот совет, како првостепен орган, и
- Управниот одбор, како второстепен орган.

Член 14

Дисциплинските органи се самостојни и независни во водењето на постапката и донесувањето на одлуките, а за својата работа одговараат пред Собранието на Комората.

Член 15

Членовите на дисциплинските органи не може да бидат повикани на одговорност за одлуките што ги донесуваат во текот на дисциплинската постапка.

Дисциплински совет

Член 16

Дисциплинскиот совет е составен од три члена со мандат од 4 години.

Член 17

На првата конститутивна седница, Дисциплинскиот совет избира претседател од редот на неговите членови.

Дисциплинска постапка

Член 18

(1) Дисциплинската постапка во прв степен ја спроведува Дисциплинскиот совет по поднесено барање до Комората за спроведување на дисциплинска постапка.

(2) Барање за спроведување на дисциплинска постапка може да поднесе било која членка на Комората и тоа треба да содржи опис на повредата, како и факти и докази од кои произлегува основано сомнение за сторена дисциплинска повреда.

(3) Барањето за поведување на дисциплинска постапка во рок од 8 дена се доставува до членката на која тоа се однесува и таа има право на одговор во рок од 8 дена од приемот на барањето.

Член 19

(1) Дисциплинскиот совет работи на седница која ја свикува Претседателот на советот преку Стручната служба на Комората.

(2) По потреба, Дисциплинскиот совет може да ги повика сведоци и да изведе други докази заради правилно утврдување на фактичката состојба.

Член 20

За секоја седница се води записник од страна на Стручната служба на Комората кој го потпишуваат сите членови на Дисциплинскиот Совет и записничарот.

Член 21

(1) Дисциплинскиот совет одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

(2) Во случај кога се води дисциплинска постапка против членка од која како претставник со легитимација доаѓа член на Дисциплинскиот совет, тој не може да учествува во работата на Дисциплинскиот совет во конкретниот случај и се иззема од понатамошното постапување .

(3) Во случај на иземање на член на Дисциплинскиот совет од работата на советот , на негово место ќе се вклучи претседателот или член од Надзорниот одбор на Комората.

Член 22

Против одлуката на Дисциплинскиот совет со која се изрекува дисциплинска мерка, членката има право на жалба до Управниот одбор на Комората во рок од 8 дена од приемот на писмен примерок од одлуката.

Член 23

(1) Управниот одбор на Комората за приватно обезбедување како второстепен дисциплински орган одлучува по жалбата на нејавна седница врз основа на жалбата и списите од постапката водена пред Дисциплинскиот совет на Комората.

(2) Управниот одбор одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

(3) Во случај кога се води дисциплинска постапка против членка од која како претставник со легитимација доаѓа член на Управниот одбор, тој не може да учествува во работата на Управниот одбор во конкретниот случај и се иззема од понатамошното постапување.

(4) Во случајот од став 3 на овој член, во работата на Управниот Одбор како второстепен орган во дисциплинската постапка се вклучува претседателот или член на Надзорниот Одбор.

Член 25

Во случаите кога во работата на дисциплинските органи се вклучува член на Надзорниот одбор, членовите на Надзорниот одбор учествуваат по принцип на ротација, првенствено водејќи сметка за спречување на конфликтот на интереси.

Одлуки на дисциплинските органи

Член 26

(1) Дисциплинските органи своите одлуки ги носат во форма на решение.

(2) Решението треба да содржи: вовед, изрека, образложение и поука за правото на правен лек.

Член 27

Дисциплинскиот совет донесува:

- одлука со која членката се ослободува од одговорност за дисциплинската повреда што ѝ се става на товар,
- одлука со која членката се огласува за одговорна за сторена дисциплинска повреда и со која се изрекува дисциплинска мерка,
- одлука со која се запира постапката поради престанок на правното лице,
- одлука со која се отфрла барањето како ненавремено, поднесено надвор од предвидениот рок за поведување на дисциплинска постапка, или
- одлука со која се отфрла барањето како недозволено зошто е поднесено од неовластено лице.

Член 28

Управниот одбор донесува:

- одлука со која се одбива жалбата и се потврдува одлуката на Дисциплинскиот совет,
- одлука со која се усвојува жалбата, се укинува одлуката на Дисциплинскиот совет и Управниот одбор самиот одлучува по предметот,
- одлука со која жалбата се отфрла како ненавремена ако е поднесена вон предвидениот рок за жалба, или
-одлука со која жалбата се отфрла како недозволена ако е поднесена од неовластено лице.

Член 29

Против одлуката на Управниот одбор, може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена сметано од денот на приемот на одлуката.

Застареност

Член 30

(1) Дисциплинска постапка за сторена дисциплинска повреда не може да се поведе по истекот на 1 година од денот на сторување, односно во рок од 6 месеци од дознавањето за сторената повреда (релативна застареност).
(2) Застареноста се прекинува со секое преземено дејствие заради поведување и водење на дисциплинската постапка.
(3) Застареност за водење на постапката во секој случај настапува кога ќе поминат две години од денот на сторување на повредата (апсолутна застареност).
(4) За дисциплински постапки кои претставуваат кривични дела или прекршоци и за кои се води соодветна постапка, дисциплинската постапка не може да се поведе по истекот од 1 година од правосилноста на судската одлука со која членката се прогласува за одговорна за стореното дело.

## ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗРЕЧЕНИ ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ

Член 31

(1) Стручната служба при Комората е должна да води евиденција за изречени дисциплински мерки.
(2) Евиденцијата од ст. 1 на овој член се чува 10 години.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 32

Сите административни и стручни работи во спроведувањето на дисциплинската постапка ги врши Стручната служба на Комората.

Член 33

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Скопје, 31.03.2021 год.

Претседател
м-р Верица Милеска Стефановска

Комора на Република Северна Македонија за приватно обезбедување • СКОПЈЕ •